РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-5431/2
19. 07 2024 год.
ПРОБИШТИП

**Општина Пробиштип**
*ул. Јаким Стојковски 1*
*тел: **032 48 31 31; факс: 032 48 30 47***
**www.probistip.gov.mk**

Врз основа на Одлуката за еднократна парична помош за корисници на посебен додаток за попреченост од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, а по повод празникот на градот 28 -ми Август со број 26-199/17 од 13.02 2024 година донесена од Совет на општина Пробиштип согласно Програмата за социјална детска и здравствена заштита за 2024 година со број 26-1097/27 од 17.11 2023 година, Градоначалникот на општина Пробиштип на ден 19.07 2024 година објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

За еднократна парична помош од 20.000,00 ден за корисници на надоместок за попреченост од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип

1. Опис на јавниот повик

Општина Пробиштип овозможува поттикнување, социјално вклучување и еднакви можности за категории на наши сограѓани корисници на надоместок заради попреченост со навршени 26 години возраст и дете со попреченост до 26 години живот корисник на посебен додаток како паричен надоместок од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип .

Општина Пробиштип во Програмата за социјална детска и здравствена заштита за 2024 година а по повод 28-ми Август Празникот на градот има предвидено финансиски средства за еднократна парична помош.

Висината на еднократната парична помош изнесува 20.000,00 денари и ќе се врши по повод празникот на градот 28-ми Август.

2. Право на учество

-корисници на надоместок заради попреченост со навршени 26 години возраст и

-дете со попреченост до 26 години живот корисник на посебен додаток како паричен надоместок од Центар за социјална работа Пробиштип .

3. Потребни документи

   -барање за еднократна парична помош изјава за давање согласност за користење на лични податоци
   -копија од важечка лична карта
   -копија од трансакциска сметка
   - Решението за остварено право од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип

4. Начин на пријавување
   Барателот треба да ја достави потребната документација во општина Пробиштип , одделение за јавни дејности

5. Начин на одобрување
   За остварување на мерката еднократна парична помош Градоначалникот формира комисија составена од членови од Општина Пробиштип и ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип. Комисијата ги разгледува барањата и изготвува Записник за одобрени барањеа. Одделението за јавни дејности врз основа на записникот на одобрени барања изготвува Решение за исплата на финансиските средства.

Изработил:Анкица Кијајова
Контролирал:Радослав Илиевски
Одобрил:Билјана Ефтимова

ГРАДОНАЧАЛНИК

ДРАГАН АНАСТАСОВ